Проф. Мишко Џидров е редовен професор на Машинскиот факултет од областа на Индустриско инженерство. Докторирал со дистинкција на Техничкиот универзитет во Вухан, Кина (Wuhan University of Technology), каде поминал шест години студирајќи и работејќи. Магистрирал на истата институција.
Со повеќе од една деценија разновидно искуство во обезбедувањето квалитет во високото образование, проф. Џидров континуирано ја подобрува својата експертиза во справувањето со образовните предизвици во Македонија и регионот на Југоисточна Европа. Активно придонесува за развој на различни мерки и активности на универзитетско ниво, фокусирајќи се на обезбедување квалитет, евалуации и самоевалуации.
Во моментов, проф. Џидров е евалуатор на EUA - IEP (European University association – Institutional evaluation program) и надворешен оценувач за обезбедување квалитет за агенциите за квалитет на високото образование во Турција, Грузија, Романија, Словенија и Косово.
Има значително искуство од бројни проекти финансирани од Еразмус+ и македонските министерства и агенции. Во периодот од 2017-2020 година беше ангажиран и како евалуатор на високообразовните проекти Еразмус+ во Србија.
Проф. Џидров има издадено книги, извештаи, написи и публикации во неговата област на експертиза.

Проф. д-р Мишко Џидров

- Проректор за настава и студенти (од 2019 г.)
- Редовен професор на Машински факултет - Универзитет Гоце Делчев Штип, област - Индустриско инженерство
    - Продекан од 2015 - 2019 г
- Вклучен во активности за обезбедување на квалитет на универзитетско ниво
    - Раководител на оддел за обезбедување квалитет (2017 – 2019)
    - Контакт лице за евалуација на Универзитетот од Европската универзитетска асоцијација (EUA) во 2014 и 2016 година,
    - Дел од меѓууниверзитетската комисија за самоевалуација и сертификација ISO стандарди за квалитет
- Публикации, книги, извештаи и написи од областа на експертизата.
- Реализирани повеќе студиски престои на странски универзитети
- Учесник/координатор/предавач/раководител на повеќе научни/стручни проекти подржани од: Европската Унија, македонските министерства и агенции.

Образование

- Доктор на науки со дистинкција на Технолошкиот универзитет Вухан – Кина (2009 – 2012)
- Магистер на Технолошкиот универзитет Вухан – Кина (2006 – 2009)
- Дипломиран машински инженер - Машински факултет, Универзитет „Кирил и Методиј“ - Скопје, Македонија (1999 – 2005)

Обезбедување на квалитет во високото образование

- Експерт на Европската универзитетска асоцијација (EUA – IEP)
- надворешен оценувач за агенциите за квалитет на високото образование во Турција, Грузија, Романија, Словенија и Косово

надворешен оценувач за проектот Еразмус+ во областа на високото образование, обука и млади во Србија (2017-2020)